RADIO
5fm
107.1
VELES, MACEDONIA

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 25-08-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njesia org | Број / Numer | Прилог / Shtese | Вредност / Vlere |
| 01 | 2786/17 | 1 | |

Почитувани,

состојбата со локалните радија во Македонија е крајно тешка. Ние во моментов сме најзагрозените медиумски субјекти во државата. Уништениот медиумски пазар и изместените пазарни односи најмногу не погодија нас. Слабата економска моќ на локалното стопанство, дополнително ја влоши состојбата, па така, радијата се на работ на економска егзистенција.

Дел од вината за ова отпаѓа и на тоа што, иако го донесе правилникот, Регулаторот прогледуваше низ прсти на оние кои не ги исполнуваа ниту техничките, ниту просторните, ниту кадровските услови пропишанини со овој акт, па радија како што беше 5 ФМ, кој пред повеќе од 10 години вложи во дигитализација на опремата, во модерни просторни услови, во 15-тина вработени, беа во ист кош и работеа на истиот пазар со радија кои не вложуваа ниту денар во својот медиум и беа далеку од критериумите пропишани со Правилникот. Реазултаотт на тоа го гледаме денеска – оние кои не вложуваа почнаа да пропаѓаат, но со себе ги повлекоа и другите, оти нив немаше кој да ги заштити.

Поради сето ова, бевме приморани да го намалуваме бројот на вработени, обемот на инвестиции во техника и во програмска продукција, само за да можеме да преживееме и да ги платиме основните обрски кон државата за лиценци, фрекфенции, ДДВ и надоместоците за авторски права. Речиси и да нема продукција на нов новинарски кадар, кој во минатото, произлегуваше токму од локалните медиумски средини. Накратко – новинарството замира како професија. Поради неатрактивните плати кои локалните радија ги нудат, се потешко се доаѓа и до работници, без разлика дали се образувани новинари или почетници.

Од друга страна, интернетот го измести класичното поимање на радијата како медиуми и создаде нови формати, кои опстојуваат без ангажман на поголем број вработени. Тоа го нуди развојот на вештачката интелегенција, но и новите слушателски навики на луѓето.

Затоа, сметаме дека во новиот правилник, во делот на кадровските услови, кај локалните радија, **бројот на вработени да се сведе на минимум еден**, затоа што можностите, но и потребите се дека еден човек може во исто време да биде и техничар и водител (ако радиото е со говорен формат). Останатиот дел од програмата, локалните радија најчесто го пополнуваат со хонорарци (фриленсери), на кои им плаќаат по сработено и немаат потреба да ги вработуваат.

Се разбира дека ако медиумскиот пазар зајакне и локалните радија ги зголемат приходите, ќе бидат во состојба да нудат поатрактивни плати и ќе почнат да вработуваат поголем број луѓе, без тоа да им биде наложено со правилник.

Велес, 25.08.2023

Програмски менаџер,

Владимир Тевчев

Трговско радиодифузно друштво
РАДИО МЕРАК 5ФМ
Љупчо и Владимир ДОО
ВЕЛЕС

Управител,

Катерина Постоловска